Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

Број 504 www.mchamber.mk 28.10.2022

# *МОЌТА НА МАЛИТЕ БИЗНИСИ*






## КВАЛИФИКУВАН СТРУЧЕН КАДАР ВО БИЗИСОТ ЗА ОПШТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ · EVN · vitaminka · T · · · GRANIT · IGM trade · MERMEREN Kombinat · МЕПСО · ECM · Gulf · ПЕКАБЕСКО · euro Nickel · nextsense · VERO · КОЖУВЧАНКА

## СТАНДАРД Покровители

MAKPROGRES · HALKBANK · OKTA · ZAN MITREV CLINIC · CROATIA OSIGURANJE · SPARKASSE · СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ · Duna · seavus · cargo-partner · scalefocus

## СИЛВЕР Покровители

Мени · SOCOTAB · AllianceOne · VEZESHARRI · Swisslion




Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# КВАЛИФИКУВАН СТРУЧЕН КАДАР ВО БИЗИСОТ ЗА ОПШТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ



Стопанската комора во рамките на воспоставениот концепт на делување како Комора на иднината ставајќи се во целосна функција на компаниите членки и согласно нивните потреби и услугите што ги креира во интерес на поддршка на бизнисот и економијата за зголемен економски раст, покрај другите започнува со дејствување и на Советот за развој на тренингот и обуките.

Проблемот со образованието е еден од топ приоритетите во работата на Комората повеќе години, во услови на недостиг не само на стручен кадар туку воопшто на работници, особено што потребата од стручен кадар расте на глобално ниво, пазарот во светот е целосно отворен за компетентни и стручни работици. Во таа насока а имајќи го предвид фактот дека човечкиот капитал има клучна улога за успешно работење на компаниите, за зголемување на нивната додадена вредност и за раст на извозниот потенцијал невозможно е да се биде конкурентен, во отсуство на соодветна инфраструктура, стабилни и ефикасни институции и образована и квалификувана работна сила. За таа цел преку Советот за развој на тренингот и обуките, Комората ќе даде придонес во обезбедување кадар за потребите на бизнисот преку четири форми.

1. Центарот за дуално образовани е е посветен на системска имплементација на дуалното образование како најефикасен начин за подготовка на млад стручен кадар со структурирано знаење и стручни вештини. Со фокус на реализација на практичната обука на реално работно место во самите компании преку искусни ментори и градење на култура на одржлива соработка на компаниите со средните стручните училишта, за да се воспостави рамнотежа на тоа што го бара бизнисот и кадрите што ќе се подготвуваат во училиштата. 53% од новите работни места бараат вештини со стручно образование, додека само 10% бараат вештини стекнати низ системот на високото образовние.

2. Центар за преквалификација и доквалификација во соработка со компаниите се става во улога на обезбедување стручен и квалификуван кадар со 2, 3 и 4 ниво на квалификации во согласност со нивните потреби, врз основа на квалитетни и структурни анализи, подготовка на соодветни програми за обуки и обуки за преквалификација и доквалификација на лица за потребните вештини за работа во компаниите. На овој начин компаниите ќе можат да ги планираат своите идни вложувања во нови инвестиции и проширувања затоа што знаат дека имаат кадар кој ќе се вклучи во нивните нови работни процеси. 65% од компаниите побаруваат стручен кадар кој пазарот на труд не го обезбедува заради повеќе децениска неусогласеност на вештините со барањата на реалниот сектор.

3. Берзата на труд преку Веб порталот на Комората ќе претставува спој на понудата и побарувачката за кадар со соодветни квалификации, вештини и практично искуство согласно потребите на работодавачите, со опис на кадри и нивни вештини, а невработените лица ќе може да видат каков кадар им е потребен на компаниите.

4. Центарот за тренинг и обуки се става во улога на реализација на обуки и работилници за унапредување на специфичните вештини на вработените во компаниите и за стручно оспособување и унапредување на знаењата на стручните кадри.

Со услугите кои ги нуди Комората на компаниите во различна форма имаат за цел подигнување на капацитетите на бизнисите во насока на поттикнување на конкурентноста и продуктивноста, што треба позитивно да се одрази на вкупната економска активност.

# Компанијата АГРИА Велес ја преживува најтешката година од своето постоење



Компаниите од месната индустрија се соочуваат со недоволен сточен фонд во државата, а високите трошоци за електрична енергија само се надоградија на веќе постојните проблеми во оваа индустрија.

АГРИА од Велес во јуни платила 7 милиони денари за струја, додека во август сметката достигнала до 12 милиони денари. Од менаџментот на компанијата се жалат на високите сметки и на последиците кои ги трпат како компанија поради не носењето на навремени мерки и помош на бизнисите од страна на Владата. Генералниот директор и сопственик на АГРИА Велес Перо Колевски, кажа дека за да се справат со високите сметки за струја принудени се да земаат кредити, за да не затворат дел од своите капацитети.

Компанијата има поставени фотоволтаични системи од 700 KW, инвестиција која ги чинела половина милион евра. Меѓутоа, ова покрива само мал дел од потребната количина на електрична енергија од нивните големи капацитети, само 10% до 15% - истакнаа од компанијата.

Од менаџментот апелираат до државата да се стави поголем фокус на стопанството во земјата, откочување на законите од интерес за бизнисот, олеснување на административните процедури и помош за да може да се движи и стопанството и државата напред.

“Мерките од државата доцнат премногу, а секако македонското стопанство се справува со многубројни проблеми наталожени со години наназад и сега цената која ја плаќаат стопанствениците е преголема”, истакна директорот Колевски при средбата со Кризниот штаб на Стопанската комора на СМ.

Покрај овој проблем, компанијата се соочува и со вирусот на африканската свинска чума за која сè уште нема ниту лек ниту вакцини, ниту соодветни чекори за помош за сопствениците на одгледувалиштата на свињи. Компанијата укажа дека строго ги почитуваат безбедносните протоколи и грижа, кога станува збор за оваа болест.

АГРИА Велес е основана во 2004 година и се занимава со производството и дистрибуцијата на високо квалитетно свинско месо со највисок квалитет на совршеност со употреба на данска генетика. Поседуваат три свињарски фарми, село Чичево, село Таринци и фарма за јунци во селото Три чешми, фабрика за сточна храна, кланица и месарници. Со над 20 милиони годишен обрт и 300 вработени важи за една од најголемите македонски фарми на пазарот.



# Усогласување на царинските бариери во прехранбената индустрија за поуспешно пласирање домашни производи на светскиот пазар



Големата неизвесност е она што најмногу ги загрижува нашите компании, покрај високата цена на електричната енергија. Компаниите во следниот период не можат да ги планираат трошоците на производство што за нив преставува голем проблем во работата.

Компанијата ВИПРО ДООЕЛ од Гевгелија се соочува со истиот проблем. Генералниот директор Виктор Петков на средбата со Кризниот штаб истакна дека сметките за струја споредбено со предходниот период се покачени за 500% до 800%, што преставува голем товар за понатамошната ликвидност во работата на компанијата.

Компанијата брои 69 вработени и поради огромните трошоци со кои се соочува, можни се и планирани колективни одмори за вработените.

На состанокот директорот Петков како проблем го посочи и недостатокот на квалитетна стручна работна сила. Истовремено побара и усогласување на царинските тарифи бидејќи од компанијата сметаат дека има простор каде државата може да обезбеди одредени олеснувања за производителите, посебно за заштита на домашното производство и поддршка за зголемување на извозот, преку намалување на одредени давачки.

Истовремено, од компанијата се потенцира дека е потребна и поддршка во однос на дорегулирање на соработката со трговците имајќи предвид дека ова е една од поголемите извозно - ориентирани компании во земјата.

Во поглед на мерки, и оваа компанија веќе работи на изградба на фотоволтаична централа која што треба да биде во функција од 1-ви декември годинава,. Со тоа ќе се покрие дел од потребите за струја, но сепак нагласена е потребата од дополнителна електрична енергија.

Директорот Петков исто така истакна дека помошта на стопанството од страна на државата е помош и за самата држава, развој на целото стопанство и бизнисот во земјата.

“Наместо да ги инвестираме во развој на производствениот процес и нови технологии во бизнисот, ние парите ги даваме за високите фактури за електрична енергија”, нагласи Петков и побара иницијативи од СКСМ до Владата за брзо изнаоѓање на решенија.

# ПРЕТСТАВЕН НОВИОТ ИНСТРУМЕНТ ЗА ПОДДРШКА НА ФИТР ПРЕД КОМПАНИИТЕ

Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Фондот за иновации и технолошки развој организираа он-лајн презентација на инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации.

Целта на инструментот е да се поттикне зголемување на активности за истражување и развој во приватниот сектор, да се охрабри соработката помеѓу приватниот сектор од една страна и високообразовните институции и научноистражувачката дејност од друга, како и да се охрабрат останатите форми на соработка за комерцијализација на иновациите.

Инструментот е наменет за претпријатијата кои сакаат да развијат иновативен производ, услуга или процес, сами или во соработка со друго претпријатие и/или установа која врши високообразовна, односно научноистражувачка дејност. Инструментот нуди финансиска поддршка на претпријатија регистрирани во Република Северна Македонија со цел да развијат и имплементираат иновативни решенија, вклучувајќи поддршка за претпријатија со висок потенцијал за раст. Овој повик не е отворен за тековните корисници на Фондот.

Преку овој инструмент Фондот обезбедува финансиска поддршка за максимален износ од 20.000.000,00 (дваесет милиони) денари и тоа:

- За претпријатија чиј просечен број на вработени е до 50 (педесет) вработени и чиј годишен приход во последните две години е помал од 2.000.000,00 (два милиони) евра, финансирање до 70% од вкупниот буџет на проект и

- За претпријатија чиј просечен број на вработени е од 50(педесет) до 250(двестотини и педесет) и чиј годишен приход во последните две години е поголем од 2.000.000,00 (два милиони) евра, а помал од 10.000.000,00 (десет милиони) евра, финансирање до 60% од вкупниот буџет на проект.

Преку инструментот поддржани се следните активности:

- активности за истражување и развој;
- активности за тестирање;
- активности поврзани со заштита на интелектуална сопственост;
- дизајн;
- развој на пилот линии;






- активности поврзани со обезбедување квалитет;
- активности за маркетинг и продажба (насочени кон доведување на иновацијата до инвестициска подготвеност и зрелост за воведување на пазарот)

Критериуми за евалуација на предлог проектите се следните:

- степен на иновативност;
- квалитет на проектот;
- капацитет на проектниот тим;
- потенцијал на пазарот и
- влијание.

Времетраењето на проектот за кој се доделени финансиски средства преку овој инструмент може да биде до 24 (дваесет и четири) месеци.

Рокот за аплицирање на јавниот конкурс е до 17/11/2022 година до 14:00 часот. Повеќе информации поврзани со јавниот повик можат да се добијат на е-адреса: komercijalizacija2022@fitr.mk или на следниот линк: https://fitr.mk/komercijalizacija2022/

# МОЌТА НА МАЛИТЕ БИЗНИСИ




Стопанската комора на Северна Македонија градејќи го концептот Комора на иднината, со фокус да биде консултант на бизнисот, целосно се стави во функција на потребите на компаниите и сите активности и услуги ги насочи кон интересите на стопанството. Концептот „Комора на иднината" кој започна да функционира 2019 година, со цел да ги поттикне развојните (претприемачките) капацитети на македонскиот бизнис, веќе трета година по ред е во целосна функција на справување со кризни ситуации кои се мултиплицираат на светско ниво.

Во духот на концептот на Комора на иднината, и со цел перцепирање на реалните потреби на фирмите, највисокото раководство на Комората предводено од претседателот Азески секој ден е на терен во посети во по неколку компании . Во функција е повторно Кризен штаб, и нтервентно тело, преку кое се обезбедува континуирана достапност до информации и преземање на активности врзани за полесно поминување низ кризниот период со енергетската криза . Стручната служба преку здруженијата во Комората на дневна основа е во комуникација со фирмите, согласно останатите нивни потреби, а за интересите на бизнисот активно се ставени во функција и Советите за високо и стручно образование и за извозна поддршка.

Состојбите на терен покажуваат дека во услови кога малите компании се обидуваат да се справат со сите предизвици на економската непредвидливост, го ублажуваат ризикот со тоа што останаа на регулираниот пазар на електрична енергија и имаат некаква можност за планирање на трошоците за електрична енергија за одреден период . На тој начин тие се во позиција да го планираат и опстојувањето на пазарот, да ги задржуваат работните места, во услови на недостиг на квалификувана работна сила.

Останува неизвесноста на снабдување со струја за компаниите на отворениот пазар (околу 1600 средни и големи фирми), преку HUDEX берзата, поради дневните осцилации на цената на кои влијаат светските економско политички случувања. Ставот на Комората е дека во вакви услови перцепцијата на државата за бизнисот треба да биде ставена на приоритетна позиција за компаниите да може да ја одржат конкурентската позиција и стабилноста на домашната економија.



# „БУЧИМ" И „БОРОВ ДОЛ" ПРОДОЛЖУВААТ СО РАБОТА СО ПОЛН КАПАЦИТЕТ



Рудниците „Бучим" и „Боров дол" од денеска повторно започнуваат со работа, односно го рестартираат производствениот процес, со што работата на рудниците се враќа во целосна функција.

Раководството на рудниците со писмен допис го извести претседателот на Стопанската комора Бранко Азески дека цената на електрична енергија во изминатите денови на берзите е прифатлива за нив и во текот на овие денови на работа ќе бидат повикани сите вработените во рудниците за да се подготви процесот на производство.

„Во изминатите десетина дена видовме промена на ценатата на електричната енергија што ни овозможи повторно да ги започнеме производствените активности со надеж дека тенденцијата ќе продолжи и цената на регионалната берза за електрична енергија (HUPEX) ќе се стабилизира. Во текот на овие денови ќе бидат повикани на работа сите вработени во рудниците, за подготовка и отпочнување на производството", стои во дописот од рудниците.

Поради енормниот пораст на цената на електричната енергија од 01 септември 2022 година двата рудника привремено прекинаа со процесот на производство. „Бучим" и „Боров дол" влегуваат во групата на 10 те најголеми потрошувачи на електрична енергија и се наоѓаат на слободниот пазар. Вработуваат вкупно 674 работници и се едни од најголемите работодавци во регионот кои придонесуваат за одрживиот економски и социјален развој на општини Конче, Штип и Радовиш.

При последната посета на рудниците од страна на делагацијата на Стопанската комора предводена од претседателот Бранко Азески, раководството на рудниците, Дмитриј Кудрјаков и Олег Чусовитин управители на „Бучим" и заменик управителот на „Боров дол" Мануел Виана информираа дека ако цената на берзите падне, во тој случај тие се подготвени за десетина дена повторно да го рестартираат производството и да ги вратат на работа сите работници. Во спротивно рудниците нема да почнат со производство до октомври следната година.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




**Семинар 11.11.2022**

# КАКО ДО НАЈДОБРО ПРАКТИКУВАЊЕ НА ПРИВАТНОСТА КАЈ ПРАВНИТЕ ЛИЦА ПОСЛЕ УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Постојат активности кои сите правни лица ги прават за да постигнат усогласеност со ЗЗЛП, но патот не завршува тука и затоа треба да се обрне внимание на задржување на усогласеноста со практикување на приватноста. Доколку компаниите ја постигнат усогласеноста на правилен начин со подготовка за практикување на приватноста, начелата од ЗЗЛП нема да бидат товар и трошок туку предност и доказ за висока одговорност кон приватноста на субјектите на лични податоци.

Во делот на практикувањето ќе се збори за обврските како и за рано откривање на непосакувани настани кои би можеле да влијаат значително на приватноста и да резултираат со казни. Тука ќе бидат опфатени најдобрите практики за преглед на тековни активности поврзани со практикување на приватноста.

Во делот на автоматизација на практикувањето ќе се збори за операциите кои треба да се работат во практикувањето и можноста за нивните автоматизирани активности. Темата опфаќа и предлог решенија кои би можеле да заштедат многу време и пари како и елиминирање на иницијална инвестиција за нивно воведување и користење.

**Предавач:**

- **М-р Мане Пиперевски** – Експерт и консултант за сајбер безбедност и заштита на личните податоци со 15 години интернационално практично искуство.

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 14.11.2022**

# ЗАКОНСКИ РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПЛАН И ЛИСТА НА АРХИВСКИ ЗНАЦИ СО НИВНИ РОКОВИ НА ЧУВАЊЕ, НАЗНАЧУВАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА НЕГОВО ИЗГОТВУВАЊЕ

Целта на семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на изготвување на план и листа со рокови на чување, како и назначување на комисија за негово изготвување. Начинот на користење и одбележување на документите со соодветни организациони единици и користење на рокови на нивно чување. Поднесување на известување за користење на попис на документи за тековна 2023 година до Државен архив на Република Северна Македонија.

Целна група за семинарот:

- директори, раководители на сектори за нормативно-правни работи во компаниите, вработени во компаниите задолжени за архивско и канцелариско работење, како и за сите заинтересирани субјекти чиј предмет на работење е поврзан со темите на семинарот, како и за сите оние кои во своите компании и институции сакаат да ги подобрат и да ги унапредат техниките на канцеларискотo и архивското работење, да се информираат околу Законот архивски материјал, Уредбата за канцелариско и архивско работење.

**Предавач:**

**-м-р Валентина Тодоровска**, магистер по економски науки, специјалност финансиски менаџмент, управител на „Акаунтинг Солушнс" со 25-годишно искуство во областа на архивското работење.

Заинтересираните за учество на овој онлајн семинар можат да се пријават најдоцна до 10.11.2022 година.

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

Саем
15.11.2022 - 16.11.2022

## Саем и билатерални средби „Suppliers Balkan Expo – SUBEX“ - 15-16.11.2022, Хотел „Double tree by Hilton“




Со поддршка на Стопанската комора на Северна Македонија, а во организација на Делегацијата на германското стопанство во Северна Македонија (АХК), во периодот 15-16 ноември 2022 година се организира СаемотSuppliers Balkan Expo – SUBEX, кој ќе се одржи во Хотел „Хилтон“ – Скопје.

SUBEX е дводневен настан за фирми од лесната индустрија (металопреработувачката индустрија – пластика, дрво, храна и пијалаци – и од текстилната индустрија), како и од секторот ИКТ во областа на индустријата.

Целта на настанот е да се понудат можности за соработка меѓу германски компании и компании од земјите на Западен Балкан и од регионот преку Б2Б-средби, конференција со панели, како и преку дел за изложувачи.

Ве молиме своето присуство да го потврдите со пополнување на пријавниот лист (ид веб страницата www.mchamber.mk) и да го доставите до лицето за контакт најдоцна до 10.11.2022, четврток.
Лице за контакт: м-р Сања Николова, тел: 02/3244-091, моб: 071/230-452, електронска адреса: sanja@mchamber.mk..



Форум
15.11.2022

## РЕГИОНАЛЕН БИЗНИС ФОРУМ 15 ноември 2022 година (вторник) во Нови Сад, Србија

Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Стопанската и индустриската комора на Војводина, Агенцијата за развој на Војводина, Автономната покраина на Војводина, Собранието на европските региони, а со подршка на Европската мрежа на претприемачи, (Enterprise Europe Network-EEN), се организира петиот по ред РЕГИОНАЛЕН БИЗНИС ФОРУМ, кој ќе се одржи на 15 ноември 2022 година (вторник) во Нови Сад, Србија.

Со цел интензивирање на економската соработка во регионот и пошироко, Регионалниот бизнис форум, Ви нуди можност да ги споделите и презентирате вашите идеи и бизнис потенцијали, да се поврзете со компании и институции кои го поддржуваат развојот на деловното опкружување, да најдете меѓународни партнери за соработка, заеднички инвестиции и заеднички пристап до трети пазари, како и размена на технологии и знаење, како и соработка во проекти копи се наменети за конкурентност и иновации, финансирани од ЕУ и други донатори.

На Регионалниот Бизнис Форум во Нови Сад, ќе учествуваат еминентни компании од регионот, како и стопански комори, агенции за регионален развој и други институции од регионот и пошироко, кои ќе даваат поддршка за развој на малите и средни компании, со цел јакнење на деловната соработка, склучување на нови договори и привлекување на инвестиции.

Ве молиме своето присуство задолжително да го регистрирате онлајн до 14 Ноември 2022 година, и да закажете онлајн состаноци со други компании кои се од Ваш интерес, преку следниот линк: https://rbf2022.b2match.io/

За дополнителни информации, Ве молиме погледнете ја следната страница: http://www.rbf.vojvodina.gov.rs или контактирајте: rbf@vojvodina.gov.rs

Контакт лица:

| | |
|---|---|
| Ирена Мојсовска | Сашо Деспотоски |
| ++ 389 2 3244009 | ++ 389 2 3244089 |
| irena.mojsovska@mchamber.mk | saso@mchamber.mk |
| | . |

**Семинар 16.11.2022**

# ВНАТРЕШНА КОМУНИКАЦИЈА ВО КОМПАНИЈАТА

Организациската комуникација е важен аспект од деловното опстојување на секоја компанија. Таа е темел и појдовна точка за постигнување повисока компаниска ефикасност. Организациската комуникација го овозможува преносот на информации меѓу вработените и ги решава и елиминира недоразбирањата меѓу нив. Без оглед на тоа колку организациското комуницирање изгледа како секојдневен и едноставен процес, кој сам по себе се одвива, добрите менаџери знаат дека мора да се потрудат добро да ги искористат вештините за деловна комуникација за остварување деловни придобивки за компанијата.

На интерно ниво, добрите вештини за комуницирање придонесуваат за воспоставување добри меѓучовечки односи помеѓу вработените, но и на релација вработени – менаџери. Добрата комуникација помага при создавање на успешна деловна средина и организациска култура каде што постои меѓусебно почитување и мотивираност на вработените за остварување на организациските цели, но и каде што се негуваат правилните норми, вредности и ставови.

Добрите вештини за комуницирање го овозможуваат тоа. Кога се размислува за деловната комуникација на екстерно ниво, несомнено е дека прво на што неизбежно би се помислило е комуникацијата која организацијата ја има со клиентите, добавувачите и другите соработници. Ова е исто толку важна димензија на деловната комуникација. Во современата глобална економија, кога многу малку компании функционираат само во границите на земјата во која се наоѓаат, наспроти мноштвото компании што се одлучуваат да функционираат меѓународно, не смее да се заборави и подобрувањето на интерперсоналниот и интеркултурниот однос. Сите претходно наведени аспекти на корисноста на добрите вештини за интерна и екстерна деловна комуникација имаат статус на начини преку кои индиректно или директно се помага при остварувањето на организациските цели, што секако води кон позитивен ефект врз успешноста и ефикасноста на компанијата.

Предавачи: Проф. д-р Драган Ѓурчевски, доктор на економски науки, специјалност меѓународна економија и -Доц. д-р Викторија Трајков, доктор на економски науки, специјалност маркетинг и брендирање..

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Форум 16.11.2022 - 17.11.2022**

# МЕЃУНАРОДЕН ФОРУМ ЗА МАШИНИ И ИНЖЕНЕРСТВО „ПРОЕКТИРАЊЕ МЕХАНИЗАЦИЈА И ПОСТРОЈКИ“

Со цел размена на знаење и искуства за најновите трендови во технологијата за машини и инженерство и проширување на нови пазари, Стопанската комора на Австрија, во соработка со Трговското одделение при Амбасадата на Република Австрија во Република Македонија, Стопанската комора на Македонија и Enterprise Europe Network, Ве покануваат да бидете дел од претстојниот Меѓународен форум што ќе се одржи на 16-17.11.2022 година, во Стопанската комора на Австрија, Виена.

На деловните средби, на коишто ќе присуствуваат компании од целиот свет, учесниците ќе имаат можност да остварат директни деловни контакти со потенцијални партнери, добавувачи и идни потрошувачи, како и да споделат искуства и експертиза во примена на најновите технологии во инженерството, особено во делот на проектирање механизација и постројки.

Настанот ќе се одржи на 16-17.11.2022 година во Стопанската комора на Австрија во Виена, или можете да го проследите онлајн во живо.

Ве информираме дека доколку сакате да учествувате на овој настан како и на деловните средби, задолжително треба да се регистрирате на следниот линк: https://machinery2022.b2match.io каде можете да ги погледнете сите компании коишто се пријавени, програмата и сите останати релевантни информации во врска со настанот.

**Рокот за пријавување и регистрација е до 12.11.2022 година.**

Пријавувањето за сите заинтересирани компании е бесплатно, а трошоците за превоз на релација Скопје - Виена - Скопје се на товар на самите компании.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

Влатко Стојановски
++ 389 2 3244004
vlatko@mchamber.mk

Семинар
16.11.2022

# КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ НА ОПЕРАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА УСОГЛАСЕНОСТ СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И НАЈЕКОНОМИЧНО ПРАКТИКУВАЊЕ НА ПРИВАТНОСТА

Во сајбер светот во кој ниеден бизнис/компанија/правно лице не е изоставено, постојат многу регулативи и закони кои налагаат користење сајбер безбедност. Трошоците и времето за добивање на сајбер безбедност се зголемуваат со новите технологии само доколку не се прифатат истите како можност за нивна употреба. Да се поседува опрема/софтвер/човечки капацитети претставува значителен трошок, затоа правните лица започнаа со користење на добавувачи на ИТ услуги кои ќе ги намалат иницијалните почетни трошоци и ќе овозможат веднаш користење на ИТ сервисите за нивни цели. Во иста насока се движи и сајбер безбедноста каде добавувачите на ИТ услуги почнуваат со нивниот нов сервис “оперативен центар за сајбер безбедност”.

Тука ќе се запознаеме со овој нов сервис наречен “оперативен центар за сајбер безбедност” во поглед на неговите можности и видови на услуги на техничко, но и значителен дел на бизнис ниво.

Ќе бидат опфатени следните елементи:

- Зошто “оперативениот центар за сајбер безбедност” е најдоброто и економски исплатливо решение за усогласеност со ЗЗЛП и практикување на приватноста.
- Како да одбереме која услуга на “оперативениот центар за сајбер безбедност” е најдобра за нашиот бизнис.
- Можности за миграција на техничките мерки на “оперативениот центар за сајбер безбедност”.

**Предавач:**

**- М-р Мане Пиперевски – Експерт и консултант за сајбер безбедност и заштита на личните податоци со 15 години интернационално практично искуство**

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Саем
16.11.2022 - 17.11.2022

# Покана за учество на Нордискиот саем за органска храна и на „Еколивинг Скандинавија“ Малме, Шведска

Стопанската комора на Северна Македонија, во рамките на Проектот „ЕЕН“ и во соработка со Нордискиот саем за органска храна и со „Еколивинг Скандинавија“, ве покануваат да учествувате на саемот кој ќе се одржи во Малме, Шведска, на 16 и на 17 ноември 2022 година.

Овој саем е вистинското место за средба на купувачите и на производителите кои имаат дејност во одржливата и во органската индустрија, бидејќи постои можност за поврзување со бизнис-партнери на однапред закажани бизнис-средби, што би придонело за интернационализација на вашиот бизнис.

Учеството на настанот е бесплатно, со претходна задолжителна регистрација за сите учесници на следниот линк: https://noff-and-els-matchmaking-2022.b2match.io/home.

Дополнителни информации за закажување Б2Б-состаноци со потенцијални бизнис-партнери се достапни на следниот линк: https://noff-and-els-matchmaking-2022.b2match.io/page-2341.

Трошоците за превоз и за сместување ќе бидат на товар на самите компании/учесници.

Зошто да го посетите овој настан?

Ќе се запознаете со повеќе од 500 производители на природна и здрава храна и пијалаци, козметика и на производи за убавина, вклучувајќи и најдобри понуди од Нордискиот Регион, меѓународни брендови, но и интересни стартапи. Нордискиот саем за органска храна е најголемиот сертифициран настан за органска храна и пијалаци во овој регион, додека, пак, „Еколивинг Скандинавија“ е најголемиот настан за одржливост во Нордискиот Регион, кој се залага за природно здравје, убавина и за одржливо живеење.

Контакт лица:

Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk



СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

Посетете:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100
години

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088